Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 07.10.2021

На 06.10.2021 околу 16.45 часот на ул.„Спиро Црне", полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода И.К.(49) и Н.З.(44), двајцата од Прилеп, затоа што биле затекнати при купопродажба на дрога. Подоцна, при претрес во домот на И.К., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја, бела прашкаста материја, дигитална вага и предмети со остатоци од бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.10.2021 во 21.50 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода К.Ч.(36) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.10.2021 во 18.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Ж.А.(38) од с.Љубодраг и С.Б.(25) од Куманово, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.10.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 58 прекршоци, од кои 35 во населено место и 23 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 25 други видови на прекршоци, од кои 18 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 1 за технички неисправно возило и 3 за некористење на сигурносен појас. Истиот ден, во периодот од 16.00 до 22.00 часот, спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај 4 возачи било утврдено присуство на алкохол. Сите биле исклучени од сообраќај, времено им се одземени возачките дозволи и издадени им се прекршочни платни налози.

На 06.10.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 23 мерки против возачи, од кои 21 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 2 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 06.10.2021 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на регионалниот пат Скопје–Куманово, во атар на с.Арачиново, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.М.(28) од с.Арачиново и трактор „имт-533", управуван од С.С.(62) од с.Арачиново. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на тракторот, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде околу 21.10 часот им подлегнал на повредите. Со телесни повреди се здобиле возачот на патничкото возило, сопатничката од истото возило Е.М.(24) од с.Арачиново и уште двајца малолетни сопатници од возилото, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на несреќата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.10.2021 во 23.45 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека на регионалниот пат Виница-Берово, на место викано „Кошето", атар на с.Будинарци, М.В.(24) од с.Будинарци, управувајќи мотоцикл без регистарски ознаки, паднал на коловозот. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 06.10.2021 во 15.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на ул.„Климент Охридски", патничко возило „мерцедес", со бугарски регистарски ознаки, управувано од В.Д.(45) од с.Седларци, струмичко, удрило во пешакот С.С.(58) од Струмица. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

Во текот на изминатото деноноќие (06.10/07.10.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 35 прекршоци.

На 06.10.2021 во 23.05 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на крстосницата од бул .„Браќа Ѓиноски" со ул.„101", патничко моторно возило "хјундаи" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од К.У.(57) од Гостивар, удрило во паркирано товарно моторно возило „мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка од патничкото возило, констатирани во Ургентниот центар Гостивар. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 07.10.2021 околу 01.30 часот на ул.„Јустинијан Први" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Х.С.(25) од Скопје, затоа што бил затекнат како на трафостаница лепи плакатати од политичка партија и со спреј пишува на штаб на политичка партија. Тој бил приведен во полициска станица и му бил одземен спрејот со кој пишувал. Против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички Струга поднесе кривична пријава против М.М.(46) од с.Лабуништа, струшко, за сторено кривично дело „измама". Пред околу три години пријавениот купил стока во вредност од 950 евра од Џ.Ф.(81) од с. Делогожда, струшко, за која се договориле во рок од два месеца да биде платена. Откако стоката не му била исплатена во договорениот рок, Џ.Ф. во неколку наврати го барал на мобилен телефон пријавениот, но истиот не одговарал на повиците по што сфатил дека е измамен, со што му била причинета материјална штета.

На 06.10.2021 во 14.50 часот во СВР Скопје, Д.О.(46) пријавила дека во 14.25 часот во билетара на ЈСП на подрачјето на Центар, каде била вработена, едно лице со закана се обидело да ѝ одземе пари, но не успеало. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2021 во 18.45 часот во СВР Скопје, З.Г.(47) од Скопје пријавила дека на 05.10.2021 околу 21.30 часот на подрачје на Аеродором нејзиниот малолетен син, по претходна расправија, бил физички нападнат од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.10.2021) во 10.00 часот кај напуштена бензиска пумпа пред с.Воиновиќ, кумановско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот го лишиле од слобода С.Ј.(44) од Велес, вработен во Полициската станица Велес. Тој бил затекнат на наведеното место со возило „мерцедес" со велешки регистарски ознаки при обид да преземе четири лица од Кина, кои илегално влегле во државата, за да ги превезе до Гевгелија. Во 10.15 часот на бензинска пумпа на автопатот Табановце-Куманово, како соучесник во криумчарењето, од слобода бил лишен и Е.М.(35) од с.Горно Оризари, Велешко за кој постои сомнение дека е организатор и учесник при вршење на делото. За случајот бил известен јавен обвинител и Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР заради превземање на мерки од нивна надлежност.

На 06.10.2021 во 10.41 часот во СВР Битола било пријавено дека во периодот од 22.00 часот на 05.10.2021 до 09.00 часот на 06.10.2021 година во с.Кукуречани биле искршени стаклата од прозорците на објект на политичка партија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.К.(46) од Штип, за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 30.09.2021 пријавената набавила хероин, го препакувала и заедно со прехранбени продукти го ставила во пакет, кој преку Б.М. од Свети Николе го испратила во Казнено-поправна установа Затвор Штип, каде нејзиниот сопруг издржувал казна затвор. При преглед од страна на надзорниците во затворот, во пакетот биле пронајдени околу 20 грама хероин, кои биле одземени.

Денеска (07.10.2021) во 04.00 часот во Полициското одделение Ново Село, И.И.(33) од с.Мокрино, кандидат за советничка листа на локалните избори, пријавил дека во периодот од 20.30 часот на 06.10.2021 до 01.20 часот на 07.10.2021, со тврд предмет било скршено стаклото на предната десна страна од неговото патничко возило ,,фиат'', паркирано во дворот на пазарот во с.Ново Село и биле одземени пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2021 во 14.10 часот во Полициското одделение Ново Село било пријавено дека во с.Ново Село, с.Мокриево, с.Борисово и с.Колешино во периодот 05/06.10.2021 бил искинат пропаганден материјал на кандидат за градоначалник на општина Ново Село. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Д.К.(46) од Свети Николе, за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали". Пријавената, во колонијална продавница во Свети Николе неовластено продавала поголемо количество на распрскувачки материи. По извршена контрола од страна на полициски службеници, пронајдени и одземени се 57 пакувања петарди, 20 ракети и 13 огномети.

На 06.10.2021 во 10.46 часот во СВР Битола, В.Н.(50), кандидат за градоначалник на општина Новаци пријавил дека околу 10.30 часот од возачот на актуелниот градоначалник и В.Б.(46), полициски службеник во СВР Битола бил спречен да замине во с.Новаци и да снима спот на стадионот во селото. Според пријавеното, додека се движел со патничко возило, двете лица со патничко возило му свиреле и се обиделе да го престигнат, но тој не застанал. Во врска со настанот во 11.30 часот во СВР Битола, В.Б. пријавил дека околу 10.00 часот, додека преземале службени дејствија, В.Н., кој бил со патничко возило, не застанал и продолжил со движење. Како што е пријавено, на ул.„Филип Втори Македонски" со возилото се обидел да удри полициски службеник. Околу 12.40 часот, В.Н. бил приведен во полициска станица во врска со сторено дело по член 383 од Кривичниот законик и по целосно документирање ќе биде поднесена соодветна пријава. Во врска со истиот настан, во 15.05 часот во СВР Битола, Т.К., претседател на ФК „Новаци" пријавил дека кандидатот за градоначалник В.Н. неовластено влегол во стадионот на ФК „Новаци" да снима спот. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 05.10.2021 околу 22.40 часот на ул.„Ѓоре Органџиев" во Велес, полициски службеници ги лишиле од слобода Б.Н.(25) и Љ.П.(34), двајцата од Велес, затоа што биле забележани додека кинеле плакати на кандидат за градоначалник на Велес. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Р.Д.(18) од с.Вруток, за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 24.04.2021 во непосредна близина на Железничка станица Гостивар, при контрола на патничко возило „опел", во кое бил пријавениот, од страна на полициски службеници пронајдени и одземени се марихуана и листови од канабис.

На 06.10.2021 во 08.50 часот во СВР Куманово, градоначалникот на општина Ранковце пријавил дека банерот со пропаганден материјал за предизборната кампања, а кој бил поставен на магистралниот пат Куманово - Крива Паланка, бил откачен од бандерата и фрлен на земјата. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.10.2021 во 23.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека З.П. од с.Градец, кривопаланечко, одзел рекламен банер од кандидат за градоначалник на Крива Паланка поставен на ул„Св. Јоаким Осоговски" во Крива Паланка. По овластување од ОЈО Куманово, увидна екипа од ОВР Крива Паланка излегла на местото и бил извршен разговор со З.П., кој изјавил дека по извршената ждрепка на Општинска комисија за утврдување на определени локации, било предвидено да биде поставен банер од неговата партија, а не од партијата што претходно поставила банер. Симнатиот банер бил пронајден кај него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2021 во 22.40 часот во СВР Скопје, дежурниот старешина во касарна Илинден пријавил дека стражар – војник, кој бил на стражарско место од страна на ул.„Македонско- косовска бригада", испукал еден предупредувачки куршум откако кон неговото стажарско место се движеле две машки лица, кои не застанале и продолжиле со движење и по неговото предупредување, по што слушнал неколку истрели од страна на лицата. Полициски службеници излегле на местото и била пронајдена една чаура. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Е.(41) од с.Долно Палчиште, за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". На 28.08.2021 во с. Долно Палчиште, тетовско, при извршена контрола од страна на полициски службеници, пријавената не била затекната дома, иако имала решение за изолација и лекување во домашни услови.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет